ПОСТАПКА, УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ИЛИ ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ, СКЛАДИРАЊЕ И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДНИ ГУМИ – 2025

За потребите на Гуматек ДОО Скопје, ЕМБС: 7667329, ЕДБ: 4058023544892, се поканууваат правни и физички лица да достават понуда за вршење на активности поврзани со собирање, транспорт, складирање, преработка, рециклирање и обезбедување соодветна инфраструктура за управување со отпадни гуми, со цел склучување на Договор за соработка и Договори за деловно-техничка соработка.

ПРАВНА ОСНОВА:

Изборот на соработници ќе се врши во согласност со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Сл. весник на РСМ бр. 215/2021) и Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Сл. весник на РСМ бр. 215/2021).

1. ПОСТАПКА

Согласно член 29 од наведените закони, повикот е отворен преку целата календарска година, сè до исполнување на целите на Гуматек ДОО како постапувач со отпадни гуми. Секој заинтересиран субјект може да се приклучи во кој било момент, под услов да ги исполни минималните услови и количински обврски утврдени од Гуматек ДОО.

Процедурата е јавна, транспарентна и заснована на фер и конкурентски принципи. Понудите се разгледуваат периодично, а договорите се склучуваат најмалку за една фискална година.

2. УСЛОВИ

Понудувачите треба да ги исполнуваат следните услови:

1. 1. Да поседуваат важечки дозволи за управување со отпад (собирање, транспорт, складирање, третман, рециклирање) согласно важечката регулатива.
2. 2. Договорите склучени со Гуматек ДОО треба задолжително да ги дефинираат: меѓусебните права и обврски, видот и минималната количина на отпад.
3. 3. Доколку правно или физичко лице врши само дел од дејноста (пр. само транспорт), има обврска отпадот да го предаде на правен субјект со соодветна

дозвола и да го извести Гуматек ДОО, доставувајќи соодветни транспортни и идентификациони формулари.

4. 4. Ниту еден субјект не смее да евидентира отпад како нов, доколку истиот веќе е евидентиран од друг постапувач.

3. НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ

Секоја пратка на отпадни гуми мора да биде проследена со: Идентификационен формулар, Транспортен формулар, и (доколку е релевантно) Извозна декларација. Правното лице кое врши преработка или рециклирање – самостојно или преку извоз – е должно претходно да го извести Гуматек ДОО и да достави комплетна документација за количините и крајната дестинација.

4. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Понудите се доставуваат:
- По пошта или лично на адреса: Гуматек ДОО Скопје, ул. Бул. Србија бр.10 Скопје
Електронски на е-пошта: gumatekinfo@gmaill.com

Секоја понуда мора да содржи:
- Валидна дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање
- Основни податоци за понудувачот
- Опис на достапна опрема и капацитети

Непотполните понуди и оние без дозвола нема да бидат земени предвид.

5. ОБВРСКИ И НАДЗОР

Избраните соработници се обврзани:
- Да водат прецизна евиденција
- Да поднесуваат годишен извештај најдоцна до 31 јануари за претходната година
- Да овозможат редовни инспекции и проверки согласно законите

Сите активности се предмет на мониторинг во согласност со:
- Законот за управување со отпад
- Законот за проширена одговорност на производителот
- Законот за управување со дополнителни текови на отпад

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ
_____